**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 7
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Додавање аудио и видеозаписи во презентација
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за додавање аудио и видеозаписи во мултимедијална презентација
**Очекувани резултати:** Да додава аудио и видеозаписи во мултимедијална презентација
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, додава аудио и видеозаписи

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Водиме дискусија за наученото од минатиот час со прашањата:
- Од што се состои презентацијата? (од слајдови)
- Што означува зборот „мултимедијална“? Кога презентацијата освен текст има и слики, звук и анимација.
- Како се вика програмата што ја изучувавме за креирање мултимедијални презентации?
- Што работевме минатиот час? (додававме слики и ефекти во презентација).

На овој час, ќе научиме како во презентацијата се додаваат звуци и видео - записи.
**Учечко – поучувачки активности:** Пред почетокот на часот, наставникот подготвува датотеки за секоја држава.
1. Една датотека со звучен запис на химната на државата.
2. Друга датотека со видео – запис на едно оро од соодветната држава.
Подготвените датотеки се копираат на работната површина на ученичките компјутери.
Датотеките со звучен или видео – запис се вметнуваат во презентацијата со избор од менито Вметнување – Филм и звук, по што се одбира локацијата и името на датотеката.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Поделени во парови, на претходно опишаниот начин, во презентацијата вметнуваат звучен запис со химната и видео – запис со народно оро на државата – сосед.
**Активности за евалуација:** Дискусија за она што го работевме на овој час.

obrazovanie.literatura.mk